# ***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2011 ГОД.***

***ВЕЛЕС 2012 ГОДИНА***

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

Во текот на изминатава 2011 год. Центарот за развој на Вардарски плански регион работеше на имплементација на проектите согласно усвоената листа на проекти утврдени по приоритетност за развој на Вардарски плански регион за 2010 год. од страна на Комисијата за разгледување и усвојување на проекти при Министерство за локална самоуправа и Националниот совет за рамномерен регионален развој при Влада на РМ.

Проектите од листата беа изготвени согласно стратешките плански документи, Националната стратегија за регионален развој на РМ и Програмата за развој на Вардарски плански регион како и Приоритетите на регионалниот развој во Македонија во периодот 2010-2012 година. Средствата за имплементација на проектите беа обезбедени од буџетот на Република Македонија.

**Проект утврден според приоритетност за развој на Вардарски плански регион усвоен за финансирање согласно Програмата за рамномерен регионален развој за 2009 год.**

1. "Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во Вардарски плански регион"

**Листа на проекти утврдени според приоритетност за развој на Вардарски плански регион усвоени за финансирање согласно Програмата за рамномерен регионален развој за 2010 год.**

1. "Промоција на Вардарскиот регион како атрактивна бизнис-дестинација, со акцент на промоција на Стопанските зони во Вардарскиот плански регион"
2. "Изработка на физибилити студија за утврдување на потенцијалите на регионот за искористување на обновливи извори на енергија"
3. "Зголемена енергетска ефикасност со заштеда на електрична енергија во јавните установи со акцент на училиштата од Општините во регионот"
4. "Физичките активности во функција на здрав ментален развој на децата од предучилишна возраст"

**Проекти аплицирани во рамките на инструментот за претпристапна помош во II Компонента-Прекугранична соработка со Р Грција**

1. “Локална иницијатива за животна средина LIFE”,
2. “Промоција на туристичките потенцијали/можности во прекуграничната област – PROTOPPOR

**Активности реализирани во соработка со Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС во рамките на проектот "Техничка поддршка на Центрите за развој на планските региони-Развој на дело", а согласно конкретните мерки за економски развој утврдени во Програмата за развој на Вардарски плански регион.**

**Проектот е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDA), при амбасадата на Швајцарија во РМ.**

1. Територијална секторска анализа на Вардарски плански регион
2. Институционална надградба на капацитетите на Центарот за развој на ВПР, преку имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO: 9001-2008

# Проект 1 според приоритетност согласно утврдената листа за развој на Вардарски плански регион за 2010 година

*"Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во Вардарски плански регион"*

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

Усогласеност на целите на проектот со Стратегијата за рамномерен регионален развој:

Глава 3. Стратешки цели и приоритети

Стратешката цел 1. (Приоритет 1.5) Конкурентски плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој

Во однос на Програмата за развој на Вардарски плански регион, целите на проектот ,,Развој на алтернативен и транзитен туризам во Вардарски плански регион,, се целосно усогласени со истата, односно:

Глава 4. Стратегиски насоки на Вардарскиот регион

Точка 4.1 Сумарен преглед на Стратегиите за локален развој на општините од Вардарскиот регион (приоритети)

Глава 6. Визија и Стратегиски насоки за развој на Вардарскиот плански регион

Стратегиска цел 2: Развој на транзитен, одржлив и културен туризам

Проектот се реализираше во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој на РМ за 2009 год.

Во рамките на проектот беа реализирани следните активности:

1. Изработена е Стратегија за промоција и маркетинг на Вардарскиот плански регион 2011-2015 година.
2. Изработена е Студија за идентификација на стратешки локации за организирање на информативни пунктови долж коридорот 10 и магистралниот правец М-5 во Вардарскиот плански регион
3. Изработена е Студија за идентификација на основни и дополнителни интегрирани потреби, услуги и содржини за корисниците на патната инфраструктура на коридорот 10.
4. Промоција на регионот и можностите за одмор, рекреација и шопинг, преку изработка на промотивен материјал и промотивните активности на ЦРВПР на ЗЕЛС Експо 2011 во овој домен.

Изведувач на активностите е Конзорциум, составен од повеќе консултански компании со долгогодишно искуство со работа на проекти во областа на туризмот, стратешкото планирање и просторното планирање и уредување.

# Проект 1 според приоритетност согласно утврдената листа за развој на Вардарски плански регион за 2011 година

***"Промоција на Вардарскиот регион како атрактивна бизнис-дестинација, со акцент на промоција на Стопанските зони во Вардарскиот плански регион"***

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

Усогласеност на целите на проектот со Приоритетите на рамномерен регионален развој во Македонија 2010-2012 година:

1.1 Поттикнување на економскиот раст во планските региони

Целите на предлог - проектот се во целост усогласени со:

Програмата за развој на Вардарскиот плански регион

Глава 4. Стратегиски насоки на Вардарскиот регион

Точка 4.1 Сумарен преглед на Стратегиите за локален развој на општините од Вардарскиот регион (приоритети)

Глава 6. Визија и Стратегиски насоки за развој на Вардарскиот плански регион

Стратегиска област 1: Економски развој и индустриско производство

Конкретна цел1.2: Промоција на регионот и привлекување на нови инвестиции

Во рамките на проектот **"Промоција на Вардарскиот регион како атрактивна бизнис-дестинација, со акцент на промоција на Стопанските зони во Вардарскиот плански регион"** беа предвидени следните проектни активности:

1. Изработка на Стратегија за маркетинг и промоција на стопанскиот потенцијал на ВПР, со акцент на Сопанските зони во општините од регионот, со оцена на влијание врз животна средина;

2. Надградување на капацитетот и вештините за маркетинг и промоција на стопанскиот потенцијал на регионот, преку спроведување на обуки на Тимови за континуирана промоција, составени од вработени во општинските администрации

3. Надградување на вештините на членовите на Советот за развој на ВПР и вработените во ЦРВПР за промоција и менаџирање на инвестициите во регионот

Од страна на Центарот за развој на Вардарски плански регион по проектот беа објавени два јавни повика за избор на најповолен понудувач за имплементација на проектот. Во првиот случај по јавниот повик Комисијата за јавни набавки, односно Раководителот на ЦРВПР како одговорно лице донесе Одлука за поништување на постапката бидејќи не се јави ниту еден понудувач, додека во вториот случај јавниот повик односно постапката повторно беше поништена бидејќи не беше понудена ниту една прифатлива понуда.

Проектните активности остануваат за реализација во 2012 година.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

# Проект 2 според приоритетност согласно утврдената листа за развој на Вардарски плански регион за 2011 година

## *"Изработка на физибилити студија за утврдување на потенцијалите на регионот за искористување на обновливи извори на енергија"*

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

Усогласеност на целите на проектот со Приоритетите на рамномерен регионален развој во Македонија 2010-2012 година:

1.6 Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потецијали во планските региони

Усогласеност на проектот со стратешките документи на регионот

Целите на предлог - проектот се во целост усогласени со:

Програмата за развој на Вардарски плански регион

Глава 4. Стратегиски насоки на развојот на Вардарски плански регион

Глава 6. Визија и Стратегиски насоки на развојот на Вардарскиот плански регион

Точка 6.6 Животна средина

Стратешка цел 4. Обезбедување на услови за подобрување на животната средина во регионот

Конкретна цел 4.4 Производство на енергија од обновливи и алтернативни извори

Во рамките на проектот **"Изработка на физибилити студија за утврдување на потенцијалите на регионот за искористување на обновливи извори на енергија"** ќе бидат реализирани три активности, односно:

- Изготвување на студија за утврдување на потенцијалот на регионот за искористување на обновливи извори на енергија
- Надградба на капацитетите на локалните експерти на полето на ефикасно искористување на обновливите извори на енергија
- Презентација на изготвената студија за потенцијалот на (сонце, ветер, биомаса) како извори на енергија во регионот

По пат на јавен повик објавен од страна на Центарот за развој на Вардарски плански регион за Носител на набавката беше избрана Консултантската куќа СИМАК-ИНЖЕЊЕРИНГ од Скопје и Центарот за чисти технологии при академијата на науки од Киев, Украина, тим составен од македонски и украински експерти од областа на обновливите извори на енергија.

Изготвувањето на Физибилити студијата за утврдување на потенцијалот на регионот за искористување на обновливи извори на енергија е во својата завршна фаза. Останатите две активности ќе бидат реализирани согласно предвидениот рок утврден во Договорот со изведувачот, односно заклучно Март месец 2012.

Во рамките на имплементација на проектот беа одржани повеќе работилници, посети на терен и презентации, односно:

05.09.2011 год. прв работен состанок помеѓу ЦРВПР и претставници на општините од ВПР со СИМАК-ИНЖЕЊЕРИНГ и Cleaner Tehnologies Centre-Kyiv Republic of Ukraine. Работниот состанок

имаше за цел: објаснување на методологијата за изработка на студијата, презентација на прашалникот за прибирање на информации поврзани со изработка на студијата. Работниот состанок се одржа во просториите на Општина Велес.

10 месец, 2011 год. посета на три општини од регионот со цел прибирање на детални информации за три објекти за кој ќе се изработи проектна документација во согласност со развојот на чисти технологии (Clean Development Mechanism). Експертскиот тим од Р.Македонија беше во посета на Киев Cleaner technologies Centar Киев и Институтот за обновливи извори на енергија на Политехничкиот универзитет во рамките на Академија на науки на Р.Украина.

28.11.2011 год**.** Претставници на Вардарскиот регион и претставници на Симак-Инжињеринг и експерти од Институтот за обновливи извори на енергија на Политехничкиот универзитет во рамките на Академија на науки на Р.Украина. извршија посета на ОУ ``Методија Милевски Брицо``Лозово, спортска сала ``Гемиџии``Велес и ОУ ``Тодор Јанев ``Чашка. За овие три објекти ќе се изработи проектна документација во согласност со развојот на чисти технологии (Clean Development Mechanism).

30.11.2011 год. Во ликовниот салон во Општина Велес се изврши презентација на нацрт верзијата на ``Физибилити студијата за утврдување на потенцијалите на Вардарскиот плански регион за искористување на обновливи извори на енергија``.

Во рамките на проектот од страна на консултантите ќе бидат изработени пилот проекти, до ниво на Изведбен проект, за искористување на потенцијалот на сонцето и ветерот како алтернативен извор на енергија.
Во пилот проектот се вклучени:

- Прв приоритет ЈПССО Гемиџии-Велес, комбиниран систем за затоплување на санитарна вода и производство на електрична енергија, односно таканаречен хибриден систем
- Втор приоритет ОУ "Методија Митевски Брицо"-Лозово, комбиниран систем за производство на електрична енергија од ветер и сонце со поставување на ветерница и колектори за производство на струја од сончева енергија
- Трет приоритет ОУ "Тодор Јанев" Чашка, производство на електрична енергија преку сончеви колектори

Реализацијата на проектот е во тек - 2011/2012 година

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

# Проект 3 според приоритетност согласно утврдената листа за развој на Вардарски плански регион за 2011 година

***"Зголемена енергетска ефикасност со заштеда на електрична енергија во јавните установи  со акцент на училиштата од Општините во регионот"***
***Фаза 1- Изработката на Техничка документација за осветлување со енергетски ефикасни светилки на училиштата***

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

Усогласеност на целите на проектот со Приоритетите на рамномерен регионален развој во Македонија 2010-2012 година:

Мерка 1.7 Заштита на животната средина во Вардарскиот регион

Мерка 2.2 Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планскиот регион

Усогласеност на проектот со стратешките документи:

6.1.Стратегиски области на развојот на Вардарскиот плански регион

6.8 Стратегиска област -Образование - Развој на ефективен образовен систем кој ќе биде базиран на вредности, ќе биде широко достапен и ќе биде во состојба да ги подготови корисниците за животните предизвици.

Конкретна цел 6.1 – Решавање на инфраструктурните потреби во обарзованието.

Програма – Реконструкција на училишните објекти.

Во рамките на проектот **"Зголемена енергетска ефикасност со заштеда на електрична енергија во јавните установи со акцент на училиштата од Општините во регионот" Фаза 1-** Изработката на Техничка документација за осветлување со енергетски ефикасни светилки на училиштата, беше изготвена проектна документација за ООУ од руралните општини од регионот и Општина Демир Капија.

По пат на јавен повик за изработка на проектната документација за Носител на набавката беше избран ,,Центарот за енергетска ефикасност на Македонија МАЦЕФ,,

Во рамките на имплеметација на проектот одржани се повеќе работни состаноци и посети на терен, односно:

07.2011 год.одржани состаноци со претставници на општинската аминистрација и директорите на основните училишта на ООУ "Методи Митевски Брицо"-Лозово, (ООУ Тодор Јанев –Чашка ООУ Петар Поп Арсов –Богомила,ООУ Лирија –Горно Јаболчиште) - Чашка, ООУ "Даме Груев"-Градсо, ООУ "Пере Тошев"-Росоман, ООУ "Димче Ангелов-Габерот"-Демир Капија

15-28.07.2011год. претставници на Центарот за развој на Вардарски плански регион и Центарот за енергетска ефикасност на Македонија МАЦЕФ ги посетија сите основни училишта кој се опфатени со проектот. При посетата стручните лица на изведувачот извршија детален увид на објектот(градбата), неговите системи(греење, осветлување, електричните инсталации) и беа извршени сите потребни мерења

Во рамките на проектот беше изготвена следната техничка документација:

| Општина | Училиште | Изработена проектна документација |
|---|---|---|
| Лозово | ООУ "Методи Митевски Брицо" | - Технички елаборати |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Идеен проект за промена на постоечкото осветлување<br>- Идеен проект систем за топловодно греење со котлата |
| Чашка | ООУ Тодор Јанев –Чашка<br>ООУ Петар Поп Арсов –Богомила<br>ООУ Лирија –Горно Јаболчиште | - Технички елаборати |
| | ООУ Тодор Јанев –Чашка<br>ООУ Петар Поп Арсов –Богомила<br>ООУ Лирија –Горно Јаболчиште | - Идеен проект за промена на постоечкото осветлување |
| | ООУ Лирија –Горно Јаболчиште | - Идеен проект систем за топловодно греење со котлара |
| | ООУ Тодор Јанев –Чашка<br>ООУ Петар Поп Арсов –Богомила | - Идеен проект за промена на прозорци и врати |
| Градско | ООУ "Даме Груев" | - Технички елаборати<br>- Идеен проект за промена на постоечкото осветлување |
| Росоман | ООУ "Пере Тошев" | - Технички елаборати<br>- Идеен проект за промена на постоечкото осветлување |
| Демир Капија | ООУ "Димче Ангелов-Габерот" | - Технички елаборати<br>- Идеен проект за промена на постоечкото осветлување |

Носител на проектот е Центарот за развој на Вардарски плански регион. Како партнери во проектот се јавуваат општините од Вардарски плански регион, односно ООУ од регионот без сопствено финансиско учество, но при реализација на активностите од проектот апсолутно беа искористени останатите ресурси (материјални, човечки итн).

Реализација на проектот- месец Октомври 2011 година

# Проект 4 според приоритетност согласно утврдената листа за развој на Вардарски плански регион за 2011 година

## *"Физичките активности во функција на здрав ментален развој на децата од предучилишна возраст"*

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

Усогласеност на целите на проектот со Приоритетите на рамномерен регионален развој во Македонија 2010-2012 година:

Точка (2.4 )Подигнување на степенот на социјалниот развој во планските региони

Усогласеност на проектот со стратешките документи:

Целите на предлог - проектот се во целост усогласени со:Програмата за развој на Вардарски плански регион

Глава 4.Стратегиски насоки на развојот на Вардарски плански регион

Глава 6.Визија и Стратегиски насоки на развојот на Вардарскиот плански регион

Точка 6.8 Образование

Стратешка цел 6: Развој на ефективен образовен систем кој ќе биде базиран на вредности, ќе биде широко достапен и ќе биде во состојба да ги подготви корисниците за животните предизвици

Конкретна цел 6.1 Решавање на инфраструктурните потреби во образованието и 2.5 Афирмација и развој на спортот во регионот

Програма: Изградба (уредување) на детски спортски површини со реквизити

Во рамките на проектот **"Физичките активности во функција на здрав ментален развој на децата од предучилишна возраст"** ЈОУ Детски градинки од општините од Вардарски плански регион беа опремени со современи детски програми од сунѓер, дрво и метал.

Детските градинки беа опремени по пат на Јавен повик објавен од страна на ЦРВПР. Како Носител на набавката по јавниот повик се јавува Друштво за производство, трговија и услуги ЦАЦА-С ДООЕЛ Велес.

1. ЈОУ Детски градинки опремени со програми од сунѓер

- ЈОУ Детска градинка Димче Мирчев Велес 26 парчиња
- ЈОУ Детска градинка Рада Поцева Кавадарци 13 парчиња
- ЈОУ Детска градинка Фемо Кулаков Неготино 26 парчиња
- ЈОУ Детска градинка Рахилка Гонева Свети Николе 11 парчиња
- ЈОУ Детска градинка Рахилка Гонева Лозово 13 парчиња
- ЈОУ Детска градинка Борис Трајковски Демир Капија 12 парчиња
- ОУ Тодор Јанев Чашка 13 парчиња
- ЈОУ Детска Градинка Росоман 14 парчиња

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

2. ЈОУ Детски градинки опремени со програми од дрво и метал

- ЈОУ Детска градинка Димче Мирчев Велес 2 програми
(две дупли куќарки и две единечни куќарки)
- ЈОУ Детска градинка Рада Поцева Кавадарци 2 програми
(две дупли куќарки и две единечни куќарки)
- ЈОУ Детска градинка Фемо Кулаков Неготино 1 програма
(една дупла куќарка и една единечна куќарка)

Носител на проектот е Центарот за развој на Вардарски плански регион. Како партнери во проектот се јавуваат општините од Вардарски плански регион без сопствено финансиско учество, притоа при реализација на активностите од проектот апсолутно беа искористени останатите ресурси (материјални, човечки итн).

Како надворешните партнери во проектот се јавуваат ЈОУ Детски градинки од Велес, Кавадарци и Неготино со свое финансиско учество кое го обезбедуваат од сопствените буџети со одлуки на Управните одбори.

На ден 23.12.2011 год. во ЈУДГ Димче Мирчев во Велес, свечено беа ставени во употреба детските програми од сунѓер, дрво и метал во рамките на проектот "Физичките активности во функција на здрав ментален развој на децата од предучилишна возраст" .

Со Одлука на Советот за развој на Вардарски плански регион програмите од сунѓер, дрво и метал им беа предадени и преотстапени во сопственост, владение и трајно користење на ЈУДГ од општините од ВПР.

Реализација на проектот – месец Декември 2011 год.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

# Проекти аплицирани во рамките на инструментот за претпристапна помош, II Компонента-Прекугранична соработка со Р Грција, согласно мерките утврдени во Програмата за развој на Вардарски плански регион

- ***“Локална иницијатива за животна средина LIFE”,***
- ***“Промоција на туристичките потенцијали/можности во прекуграничната област – PROTOPPOR***

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1 1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

Предлог проектите во рамките на инструментот за предпристапна помош-ИПА-II Компонента, Прекугранична соработка со Република Грција беа аплицирани во месец ноември 2010 год.

Центарот за развој на Вардарски плански регион аплицираше со два предлог-проекти, односно:

“Локална иницијатива за животна средина LIFE” – центарот се јавува како Лидер-Партнер 2 (LP2)

“Промоција на туристичките потенцијали/можности во прекуграничната област – PROTOPPOR” каде центарот беше Проект-партнер 1 (PP1)

Од страна на Комисијата задолжена за разгледување на предлог-проектите и усвојување за финансирање, наведените предлог-проекти не беа усвоени за финансирање во рамките на ИПА програмата за 2010/2011 год.

**<u>Активности реализирани во соработка со Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС во рамките на проектот "Техничка поддршка  на Центрите за развој на планските региони-Развој на дело", а согласно конкретните мерки за економски развој утврдени во Програмата за развој на Вардарски плански регион</u>**

***"Територијална секторска анализа на Вардарски плански регион"***

***"Институционална надградба на капацитетите на Центарот за развој на ВПР, преку имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO: 9001-2008"***

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

Територијалната анализа (ТА) претставува збир на алатки преку кои се доаѓа до брза дијагноза за конкурентската предност на еден регион, односно таа е поттик на регионалната економија преку конкретни и практични предлози и резултати .

За изработка на територијалната анализа  се користеше пристап на системска анализа на вредносни ланци на бизнис подсектори. Ова подразбира комбинација на собирање на податоци и партиципативна анализа во која чинителите ќе бидат вклучени преку интервјуа и различни видови на работилници.

Центарот за развој на Вардарски плански регион во соработка со Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС изврши селекција на бизнис сектори со потенцијал за развој на регионот. Експерти за регионален развој од Фондација ПРЕДА ПЛУС извршија анализа на статистиката на бизнис секторите од Вардарски регион за изминатите години како и индивидуалните стратешки определби на секоја од деветте општини во Вардарски регион.

Центарот за развој на Вардарски плански регион во рамките на своите програмски активности реализираше мини работилници за потребите на процесот на Територијална дијагноза на Вардарскиот плански регион. Во рамките на оваа активност се организираа неколку работилници кои ги имаат за фокус секторите со најголем потенцијал за раст во нашиот Вардарски регион.

Територијална секторска анализа се реализираше преку следните активности:

- Работилница за планирање и поставување на хипотеза со локални шампиони и обука за алатките
- Квалитативна и квантитативна анализа на постоечки документи, сектори, релација купувачи-производители, инстутуции за поддршка
- Организирање и фасилитирање на мини-фокус работилниците (интервју со избрани фирми, институции и поединци)
- Анализа на вредносен ланец на најстратешки сектор
- Презентација на наоди од мини-фокус работилниицaverage и дополнување со коментари, сугестии, преку организација на мини – саем на регионалното стопанство

Во рамките на првите проектни задачи се одржаа повеќе работни состаноци и работилници

21.09.2011 год. Одржана првата работилница во просториите на Општина Велес на која се формираше тимот кој ќе работи на поставување на територијална анализа.

29.09.2011год. Во просториите на хотел Романтик се одржа втората работилница од проектот Територијална анализа на која беа поканети претставници на бизнис секторот, претставници од општините кои се во состав на Вардарски плански регион. На работилница беа определени најпотенцијалните бизнис сектори на Вардарски плански регион со цел во иднина фокусот на развојот на регионот да се насочи кон нив.

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

10.2011 год. Теренски истражување на 5-те приоритетни сектори според нивниот потенцијал за раст спроведено од тимот составен од претставници на Центарот за развој на ВПР, Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС и претставници од општинската администрација од регионот. Со истражувањето се посетија повеќе фирми од регионот со кои беше направено интервју и врз основа на тоа беа пополнети анкетни прашалници.

10.11.2011 год. По повод Европскиот денот на претприемачот, Центарот за развој на Вардарски плански регион и Фондацијата за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС, извршија **“Презентација на наодите на територијалната секторска анализа во Вардарскиот плански регион”** Гости на настанот, претставници на Европската комисија и Швајцарската амбасада во Р.Македонија. На презентацијата повеќе заинтересирани компании ги изложија своите производи на подготвените штандови.

Идни задачи во рамките на оваа активност:

- Развој на предлог проекти и крајна презентација Way Forward (развој на предлог-проекти, дизајн на економски профил на регионот, акциски план и препораки за центарот)

Со територијалната секторска дијагноза на Вардарски плански регион се приоритизираа 5 сектори, односно: трпезно грозје, месо и производи од месо лесна преработувачка индустрија, туризам и производство на вино)

Во завршна фаза е изработката на Студија во која ќе бидат сумирани наодите од територијалната секторска анализа.

Втората активност во рамките на овој проект е Институционална надградба на капацитетите на Центарот за развој на ВПР, преку имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO: 9001-2008.

Подактивностите во овој проект се реализираа во период 09-12.2011год. и опфаќаа:

- Обуки на вработените за имплементација на Стандардот ISO: 9001-2008
- Изработка на процедури за Стандардот ISO: 9001-2008
- Изработка на прирачник за Стандардот ISO: 9001-2008
- Практична имплементација на барањата на Стандардот ISO: 9001-2008, во тековното работење на Центарот

Стандардот ISO: 9001-2008 е имплементиран и Центарот работи во согласност со барањата на истиот.

Следен чекор во оваа насока е Сертифицирање на Центарот од страна на акредитирана Сертификациона куќа.

Раководител на Центар за развој
на Вардарски плански регион
Александар Бузалков

Изготвил
Татјана Ѓурова